

# Душица Петрушевска

**Маргарита Бузалковска-Алексова**

Институт за класични студии
Филозофски факултет
Универзитет Св. „Кирил и Методиј“ - Скопје

margaritab@fzf.ukim.edu.mk

Последните денови од јуни 2008 година почина класичниот филолог, професор Душица Петрушевска, нашата Душица.

Непосредно по дипломирањето во Белград на катедрата по класични студии во 1946 година, Душица Петрушевска, родена Рашковиќ, заедно со својот сопруг Михаил Петрушевски доаѓа во Македонија: треба да се основа факултет на мајчин јазик во земјата и таа станува постојана поддршка на својот сопруг, кој се зафаќа со оваа важна задача. Го поддржуваше на научно-истражувачкото поле, ги читаше заедно со него сите трудови на кои тој им беше ментор, давајќи полезни сугестии на консултативните средби со кандидатите.

Професор Душица Петрушевска го започнува својот работен век во Република Македонија во Народната библиотека, каде што работи од 1946-1948 година; во 1948 г. стапува на работното место професор по старогрчки, латински јазик и историја на стариот свет во класичните паралелки од женската гимназија „Јосип Броз Тито“ во Скопје. Учениците ја помнат како убава, строга и праведна. Во 1959 година Душица Петрушевска преминува на работното место асистент по општа историја на стариот век, на катедрата по историја при Философско-историскиот факултет, каде работи сè до нејзиното пензионирање во 1978 година. На часовите по историја, за студентите од катедрите за историја, историја на уметноста и класични студии, таа знаеше да го направи полезно и да го искомбинира знаењето на сите групи студенти и да направи хомогени и интересни часови – за тоа е потребно длабоко познавање од поширокиот домен на класичните студии, онака како што беа конципирани во нашата земја.

Професор Душица Петрушевска има објавувано трудови од три области – најстариот период од грчката историја - микенската епоха, од историјата на Античка Македонија и од областа на историјата на Стариот Рим (периодот на римското царство). Најмногу трудови (25) има објавено од првата област. Таа учествува во изработката на поглавјата а) „Создавање и развиток на древната македонска држава“ (Историја на македонскиот народ, I, 1, 2, 33-47), со краток преглед на историјата на древната македонска држава од VII в. п. н. е., до распаѓањето на Александровата

империја vo IV в. п. н. е. и „Македонија под римско владеење“ (*ibid.* III, 49-55). Работеше и на античките извори за историјата на античка Македонија, Пајонија, Дарданија.

Често велеше дека за да се проучат како што треба племињата на територијата на Македонија потребно е здружено да работат подолго од еден век сите историчари, археолози, класични филолози од тогашната Југославија – и пак нема да биде доволно. Но таа го отвори патот за натаму - беше првиот поттикнувач на оваа комплексна задача. „Се случуваше да дојде во Охрид и да побара во еден ден да ѝ ги покажам сите антички споменици со натписи“ – си спомнува археологот Нада Кузман. Навистина беше таква, пргава и неуморна.

Нашата Душица ги подготви и првите учебници по латински јазик на македонски литературен јазик, односно ги преведе Elementa Latina (за основите на латинскиот јазик) и Lingua Latina I и II од В. Гортан, О. Горски и П. Пауш (за потребите на класичните паралелки) на македонски јазик, со дополнувања и проширувања. Многу генерации ученици ги помнат реалиите и поговорките од тие учебници.

Таа исто така беше иницијатор и стручен редактор на македонскиот превод на „Историја на Стариот Свет“, I и II од В. Н. Дјаков и С. И. Ковалев (превод од руски на М. Најческа-Сидоровска).

Најголемиот влог на семејството Петрушевски, се разбира, со поддршка на Душица Петрушевска, беше влогот во книгите – за сопственото образование, образованието на своите деца и образованието на нивните ученици - нивната домашна библиотека им беше на располагање на нивните студенти, а меѓу последните кои ја користеа нивната библиотека бев и јас, потписникот на овие зборови за спомен на Душица Петрушевска.

Во мигот на преселбата во ново живеалиште, таа реши да ѝ отстапи на библиотеката за класични студии фонд од домашната библиотека. Иако беше во напредната возраст, професор Душица Петрушевска тешко можеше да се оддели од сите книги, кои беа нераскинлив дел од нејзиниот живот – ме повикуваше цела недела секој ден, за да решиме заедно кои книги да ги задржи, а од кои да се оддели; се радував дека ќе ги добиеме книгите, но ми беше тешко да ѝ помагам, зашто откинував делови од нејзиниот живот и од нејзината душа.

Исто онака како што со години го поддржуваше и списанието *Жива антика*, нашата почитувана Душица бескрајно му се израдува и на електронското списание *Systasis*, редовно го читаше и даваше полезни сугестии за подобрување на содржините во него.

Ми беше професор, кој ќе го помнам по строгоста и прецизноста, но и по бескрајно ведриот дух – вечно подготвена да поддржи и да утеши – и во најтешките и критичните периоди, и во најчувствителните. Велеше дека, иако ја имала најслабата оценка на студиите по историја (за неа осумката беше најслабата оценка), животот ѝ определил поголемиот дел од својот работен век да се занимава токму со историјата на стариот век.

Начинот на кој живееше, љубовта и поддршката, делата што ни ги остави, се вечен патоказ за нејзините ученици и за нивните ученици.

За нејзиниот живот се својствени зборовите *honeste id est, cum virtute amoreque vivere*.